

„ВКЛУЧИ СЕ - ПОБАРАЈ ГЛАСНО!“

ДОБРИ ПРАКТИКИ ОД УЧЕСТВОТО НА ЖЕНИТЕ ОД ЗАЕДНИЦИТЕ ВО ЛОКАЛНИТЕ ПРОЦЕСИ ЗА КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ И БУЏЕТИРАЊЕ

HCPP
AGORA
Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra
Swiss Agency for Development and Cooperation SDC
Sweden
Sverige
UN WOMEN

Издавач
Сојуз-Национален совет за родова рамноправност
,,Агора''- Центар за промовирање на граѓански вредности

Наслов
„Вклучи се – Побарај гласно!“ – добри практики од учество на жените на локално ниво

Уреднички
Савка Тодоровска,
претседателка НСРР

Кристина Хаџи-Василева,
претседателка АГОРА

Лектура
Даниела Антовска

Фотографија
Елеонора Стојановиќ

Дизајн
Пеѓа Радојевиќ

Печати
KING of PRINT

Оваа публикација е подготвена како дел од проектот „Вклучи се – побарај гласно!“ на НСРР – Национален совет за родова рамноправност и АГОРА – Центар за промовирање граѓански вредности, во рамките на проектот на UN Women „Промовирање на родово-одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија“, финансиски поддржан од Швајцарија и Шведска.

Мислењата и ставовите изразени во оваа публикација се мислења и ставови на авторите и нужно не ги претставуваат мислењата и ставовите на UN Women, Обединетите нации или на другите придружни организации.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

061.2-055.2:352.077(497.7)(083.94)
061.2-055.2:[336.1:352(497.7)(083.94)

ПАРТИНОВА Кус-Иванова, Катерина
Вклучи се - побарај гласно! : добри практики од учество на жените на локално ниво / [Катерина Партинова Кус-Иванова, Теа Зографска, Сунчица Саздовска]. - Скопје : Агора, 2022. - 44 стр. : илустр. ; 21 см

Финансиер: Швајцарската агенција за развој и соработка и Шведската агенција за меѓународна соработка и развој - Сида, Промовирање на родово - одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија“

ISBN 978-608-66026-2-8 (СНСРР)
ISBN 978-608-66312-2-2 (Агора)

1. Зографска, Теа [автор] 2. Саздовска, Сунчица [автор]
а) Граѓански здруженија -- Жени -- Јавни политики и буџети -- Локална самоуправа -- Македонија -- Проекти

COBISS.MK-ID 59032837

СОДРЖИНА

ВОВЕД

КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ ,,ВКЛУЧИ СЕ - ПОБАРАЈ ГЛАСНО!“

ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ОРГАНИЗАЦИИТЕ

ПРИСТАП ЗА ПОДДРШКА НА ИНИЦИЈАТИВИТЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

ДОБРИ ПРАКТИКИ ОД ЛОКАЛНИТЕ СПРОВЕДУВАЧКИ ПАРТНЕРИ

ЕХО Едукативно – хуманитарна организација - Штип

,,Женска акција’’- Радовиш

Организација на жени - Струмица

Здружение на Ромите ,,Черења’’- Штип

Хуманитарно Здружение „Мајка“ - Куманово

ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ



1.

ВОВЕД

1. Вовед

Публикацијата има за цел да ги прикаже добрите практики во имплементација на локалните иницијативи и застапувања за потребите на жените на локално ниво како и научените лекции кои се идентификувани за време на реализацијата на застапувачките активности и активности за мобилизација на жените спроведени во рамките на проектот „Вклучи се - побарај гласно!“. Таа е наменета за локалните организации на жени, жените локални лидерки во заедниците, претставниците/претставничките на локалните власти и другите релевантни чинител(к)и во заедницата.

Оваа публикација има намера да ги поттикне локалните организации на жени активно да работат на мобилизирање и поттикнување на активизмот кај жените од локалните рурални средини применувајќи ги презентираните пристапи кои покажаа позитивни резултати во текот на проектот. Исто така веруваме дека овие примери ќе ја зголемат мотивацијата на локалните лидерки и на жените од руралните средини активно да се вклучат и влијаат на процесите на донесување одлуки на локално ниво. За претставниците/претставничките на локалните самоуправи искуствата на 7-те опфатени општини можат да бидат инспирација за подобра комуникација и соработка со организациите на жени и локалните женски иницијативи и поголема отвореност за интегрирање на потребите и предизвиците на жените во програмите и буџетите на општината.



2.

КРАТОК ОПИС НА ПРОЕКТОТ ,,ВКЛУЧИ СЕ - ПОБАРАЈ ГЛАСНО! “

2.

Краток опис на проектот ,,Вклучи се - побарај гласно! “

Примарна цел на проектот е да го подобри животот на жените и најранливите групи преку нивно вклучување во локалните процеси на креирање политики и буџетирање.

Проектот „Вклучи се - побарај гласно!“ претставува соработка помеѓу две женски граѓански организации, Сојуз - Национален совет за родова рамноправност и ,,Агора“- Центар за промовирање граѓански вредност, со идеја да понудат поддршка на локалните организации на жени од Скопски, Источен, Североисточен и Југоисточен Регион во процесот на унапредување на женското учество во единиците на локалната самоуправа.

Сојуз-Национален совет за родова рамноправност и ,,Агора“, заедно со своите 5 партнерски локални организации на жени од Куманово, Штип, Струмица и Радовиш спроведоа теренски акции за мобилизација на жените во 7 општини, иницирајќи промени во креирањето на локалните политики и буџети кои ги одразуваат потребите на жените. Целта на мобилизацијата е создавање можности жените да ги идентификуваат проблемите и да ги одредат своите приоритетни потреби, а потоа преку различни акции за застапување пред општините да бараат нивните потреби и решенија да се вклучат во програмите и буџетите на општините за 2021 и 2022 година. Организациите на жени успеаја дел од приоритетните потреби да ги вклучат и во буџетите на нивните општини за актуелната година 2021.

Проектот „Вклучи се - побарај гласно!“ има две специфични цели:

1. Зајакнати капацитети на граѓанските организации за спроведување на теренски активности и акции за застапување со цел вклучување на родовата перспектива во локалните процеси на донесување одлуки;
2. Жените се мобилизирани и зајакнати, гласни и вклучени во локалните процеси на донесување одлуки.

На почетокот на проектот, како дел од процесот на градење капацитети, беа спроведени две обуки:

- Обука за пристапи за зголемување на вклученоста на жените на локално ниво;
- Обука за процеси на буџетирање во општините и акции на застапување.

На обуките присуствуваа 15 претставнички од 13 женски граѓански здруженија. Со тоа истите го подобрија знаењето за процесите на буџетирање во општините, разменија искуства за методите за мобилизација на жените на локално ниво.

Во рамките на втората специфична цел, Национален совет за родова рамноправност и ,,Агора'', преку отворен повик, селектираа 5 женски граѓански организации од 4 општини: ,,Женска акција” - Радовиш, Организација на жени од Струмица, ХЗ ,,Мајка” - Куманово, Организација на Ромите ,,Черење” - Штип и ЕХО - Штип кои во своите активности вклучија жени од с. Табановце, с. Пчиња, Виница, Кочани, с. Конче, с. Ораовица, с. Босилово, Ново Село, Пребег, Дузлак, Баби, Балканска, Железничка, Суитлак и Македонка.
Проектот постигна видливи и невидливи резултати за жените во нивните заедници. Невидливите, но не помалку вистински трансформации вклучуваат зголемување на самодовербата на жените и нивната моќ да влијаат на промени во заедницата и да стапат во дијалог со локалната самоуправа. Се зголеми нивната верба во поврзување, солидарност и заедничка акција и се намали негативниот однос кон локалните власти. Со цел засилување на гласот на жените и овозможување на силен поттик за поддршка на локалните акции за зајакнување и мобилизација на жените и нивно активно учество во локалната заедница, НСРР и Агора спроведоа медиумска кампања под слоганот **„БИДИ ЈАСНА И ГЛАСНА“** - за активно учество на жените во локалната заедница.



БИДИ ЈАСНА во артикулирање на своето мислење, ставови, потреби, како и во нудење на потенцијални решенија во својата заедница.

БИДИ ГЛАСНА во поттикнување на жените здружено да настапат пред единиците на локалната самоуправа и активно да учествуваат во креирање родово базирани политики на локално ниво.

БИДИ ЈАСНА И ГЛАСНА во барање на одговорна власт, која е транспарентна во сите сегменти на работењето и која ги охрабрува и мотивира своите сограѓанки активно да се вклучат во процесите на одлучување.

Во рамките на кампањата се произведоа 4 видеа[1] и 15 електронски картички[2]. Пораките беа креирани од жените до жените и од жените до локалните власти. Истите служеа како поддршка на локалните акции за мобилизација и застапување.

1 https://vklucisepobarajglasno.mk/видеа/
2 https://vklucisepobarajglasno.mk/galerija/



3.

ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ОРГАНИЗАЦИИТЕ

3.

Основни информации за организациите (носители на проектот)

Сојуз – Национален совет за родова рамноправност (НСРР) е национална, мултиетничка и мултигенерациска грас рут (grass-root) мрежа, која се стреми кон постигнување на родова рамноправност, развој, заштита на женските права и мир.
Националниот совет за родова рамноправност е мрежа во која членуваат околу 116 локални, формални и неформални женски организации, групи и локални женски јадра, од урбани и рурални средини во државата.
НСРР е формирана во октомври 1994г. и израсна во една од најголемите женски мрежи во Македонија. Членки на мрежата се жени со различна етничка, културна, социјална, статусна и возрасна позадина. Со своите активности НСРР промовира култура на мир и ненасилство, учествува во политичкото и економското јакнење на жените, се залага за поголемо вклучување на жените од руралните средини и маргинализираните групи, учествува во унапредувањето и подобрување на политиките за заштита од родово базираното насилство, и се залага за сè она што се подразбира под родова еднаквост и рамноправност.

Визија: Постигнување на родовата рамноправност за подобро и поправедно општество

Мисија: Подобрување на статусот на жените и зголемено влијание на родово политичките, економски и социјални трендови во Македонија, преку креирање нови односи во општеството, вклучување на родовиот концепт во законите на државата и усогласување со европските стандарди, зголемувајќи го учеството на жените во јавниот живот, политиката и одлучувачките структури, застапување базирано на докази, борба против дискриминацијата и родово-базирано насилство.

Во рамките на Националниот совет за родова рамноправност функционира бесплатна национална мобилна СОС линија за жртви на семејно насилство.


Кристина
ASUS
Бъди ЯСНА И ГЛАСНА!

Здружението на граѓани „АГОРА“ - Центар за промовирање на граѓански вредности Скопје е доброволна, невладина, непартиска и непрофитна организација која работи на национално ниво во Република Северна Македонија основана во 2001 година со седиште во Скопје. Визијата на „Агора“ е напредок на луѓето и заедниците заснован на родова еднаквост, економски просперитет и демократски принципи. Мисијата на здружението е јакнење на капацитетите на сите општествени чинители и промовирање партиципативни и одржливи процеси кои ќе доведат до развој на заедниците.

Клучните области во кои организацијата делува се:

- Родова рамноправност;
- Млади и претприемништво;
- Децентрализација; и
- Локален економски развој

Стратешките цели на „Агора“ се:

- Принципот на родова еднаквост е прифатен и практикуван на локално ниво;
- Подобрена клима за започнување на бизниси кај млади и жени;
- Ефективно, ефикасно, транспарентно и отчетно работење на општините;
- Просперитетни и економски развиени локални заедници.



4.

ПРИСТАП ЗА ПОДДРШКА НА ИНИЦИЈАТИВИТЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

4.

Пристап за поддршка на иницијативите на локалните организации

Со цел жените и најранливите групи да бидат зајакнати, да станат погласни и вклучени во локалните процеси на донесување одлуки, проектот отвори повик за доделување финансиска поддршка на организации на жени од Скопски, Југоисточен, Источен и Североисточен Регион. Финансиската поддршка беше наменета за активности за мобилизирање и зајакнување на жените. Целта на активностите беше женските организации да го прошират својот опфат на жени во средини каде претходно не работеле, да ги информираат за можноста да се вклучат во активности за зајакнување на нивните капацитети и застапување пред општината во која живеат, а на тој начин и да влијаат врз процесот на носење одлуки на локално ниво. Како краен резултат очекувавме потребите на жените да бидат разбрани и интегрирани во програмите и буџетите на општините за 2022 година.

Пристапот се заснова на стратешки модел којшто има за цел воспоставување системска интервенција која ќе се заснова на партнерство и соработка меѓу жените од локалната заедница и локалните власти, при што граѓанските организации ја имаат улогата на олеснувач т.е. фасилитатор на дијалогот.

Овој пристап вклучува: а) воспоставување континуирана двонасочна ефективна комуникација меѓу граѓанските организации и жените (кои, секако, се нивни конституенти) и којашто се реализира преку акции за широк теренски опфат што е во функција на информирање, зајакнување и мобилизација; и б) воспоставување двонасочна комуникација меѓу граѓанските организации и општината.

Во рамките на проектот беа поддржани следните 5 локални женски организации:

1. ЕХО Едукативно-хуманитарна организација – Штип
2. „Женска акција“ – Радовиш
3. Организација на жени – Струмица
4. Организација на Ромите „Черење“ – Штип
5. Хуманитарна асоцијација „Мајка“ – Куманово

Проектите на избраните организации адресираа низа проблеми и прашања кои се релевантни за жените на локално ниво вклучувајќи:

- недоволна информираност на жените за надлежностите на единиците на локалната самоуправа и механизмите за учество во граѓански консултации;
- потребата за мотивација, охрабрување, поттикнување на жените и јакнење на знаењата и вештините за преговарање, поддршка за идентификување на потребите и нивно застапување пред локалните власти;
- недоволна доверба кон општината, слаба комуникација и соработка на жените со претставниците на единиците на локалната самоуправа и немање пракса на организирање консултативни средби со жените за прибирање на предлози за мерки.



Стратегијата на организациите во спроведувањето на локалните иницијативи вклучуваше:

- Мобилизација на жените од локалните заедници преку ангажман на локални лидерки, организирање на низа настани и градење локални иницијативни групи и мрежи на жени за поддршка и застапување;
- Идентификување на прашањата и проблемите кои се релевантни за жените на локално ниво и нивно приоретизирање преку работни средби, анкети и фокус групи;
- Подигнување на свеста и зголемување на знаењето и разбирањето на жените за процесите на буџетирање и охрабрување на нивното учество во локалните процеси на донесување одлуки, преку обуки, јавни дебати, промотивни материјали и кампањи;
- Развивање на предлози за родово одговорни буџетски иницијативи преку работилници и состаноци на кои се подготвуваа планови за застапување и доставување на предлозите до локалната самоуправа со цел потребите на жените во локалната заедница да се интегрираат во програмите и буџетите на општината во 2021 и 2022 година;
- Олеснување на комуникацијата и соработката помеѓу општините и жените за да се осигура дека нивните потреби и приоритети се земени предвид;
- Следење на родовата перспектива на локалните програми на општините и конкретните финансиски распределби за решавање на потребите и барањата што ги покренуваат жените.



При спроведувањето на локалните иницијативи организациите се соочија и справуваа со низа предизвици:

- Потреба од дополнителни напори за поттикнување на интересот и зајакнување на мотивацијата на жените да се вклучат, со оглед на тоа што во голема мера целната група беа жени кои беа обесхрабрени и немаа верба дека со својот ангажман можат да променат нешто. Дополнително, фактот дека активностите се одвиваа во период на ковид - 19 пандемија, создаваше колебливост и страв за активен ангажман. Посебна улога во надминување на овој предизвик имаа локалните лидерки кои ги охрабруваа и поттикнуваа жените, а од полза беа и низа промотивни материјали со мотивирачки пораки кои ги изработија локалните организации;
- Рестрикциите поврзани со ковид-19 влијаеја на активностите кои беа предвидени да се организираат со физичко присуство. Организациите го адресираа овој проблем со наоѓање алтернативни и креативни пристапи вклучувајќи настани на отворено, контакти по телефон, месенџер групи за заедничко одлучување, а за дел од настаните се чекаше погоден момент кога беа релаксирани мерките за организирање настани;
- Локалните избори исто така имаа влијание на активностите за застапување и лобирање и на пристапот кој го избраа организациите. Се јави дилема дали организациите да ги поднесат барањата пред или после завршување на локалните избори. Согласно проценките кои ги направија организациите беа избрани различни пристапи;
- Недовербата кон институциите исто така беше значаен фактор кој организациите го адресираа со поттикнување на постојана комуникација и соработка со единиците на локалната самоуправа, редовна комуникација со координаторките за еднакви можности и организирање на средби помеѓу жените и градоначалниците и советниците.





5.

ДОБРИ ПРАКТИКИ ОД ЛОКАЛНИТЕ СПРОВЕДУВАЧКИ ПАРТНЕРИ (ОРГАНИЗАЦИИ)

5.

Пристап за поддршка на иницијативите на локалните организации

Стратегиите кои организациите ги презедоа за спроведувањето на локалните иницијативи, како што може да се види во претходното поглавје беа исти за сите. Но, активностите и нивната имплементацијата беше водена од спецификите и културата во секоја локална заедница како и од претходно воспоставените практики во самите организации. Па така, секоја организација издвои посебни добри практики во една или повеќе активности за кои подетално ќе дадеме опис во ова поглавје.

Активности за мобилизација – мобилизацијата на заедницата на жени е континуиран процес и активност која се спроведуваше во текот на целиот проект. Мобилизацијата беше со цел жените да се вклучат во процесот на носење локални политики. Ова подразбираше вклучување на жените во сите активности од самиот почеток на проектите (локалните иницијативи) идентификување на потребите; приоретизирање; изготвување иницијативи; застапување и мониторирање. Четири од пет организации, мобилицијата ја започнаа со регрутирање и идентификуваше на жени - локални лидерки. Тоа се жени кои имаат добри комуникациски вештини, жени со авторитет во заедницата, без белег за партиска припадност, а кои пак, понатаму преку теренски активности мобилизираа голем број жени да се вклучат во иницијативите, односно во сите активности на проектот.

Активностите за идентификување на потребите на жените вклучуваа индивидуални интервјуа, анкети, фокус групи и состаноци организирани и спроведени од локалните лидерки и проектниот тим. Сите организации обезбедија широк опфат на жени и го проширија своето работење во локалните заедници каде претходно не работеле. Организацијата ЕХО, малку поразлично од останатите, единствена спроведе теренско истражување преку анкетен прашалник кое вклучи 204 жени. Теренското истражување беше спроведено за три дена преку средби во живо и телефонски анкети од страна на подмладокот на ЕХО (група волонтерки). Дополнително, за што поголем опфат на жени, ЕХО како и Организација на жени - Струмица и „Женска акција“ - Радовиш реализираа и „Отворени денови.“ Отворени денови значеше поставување на пултови

на различни (фреквентни) локации од градот и теренски обиколки. Па така, жените случајни минувачи беа информирани за проектот, им беа поделени претходно подготвени, промотивни и информативни материјали и беа повикани да ги споделат проблемите и очекувањата од општината. Во текот на ,,Отворените денови", заинтересираните жени имаа можност да остават свој контакт и да бидат повикани и вклучени во понатамошните активности на проектот. Ова е одличен пример за брз и ефикасен скрининг на потребите на жените во претходно избрани средини, а исто така и можност за широк опфат на жени, мобилизација, вклучување млади жени и девојки (волонтерки) и градење на нивните капацитети.

,,МАЈКА" од Куманово, за да ги идентификува потребите на жените, организираше исклучиво состаноци со опфат од над 100 жени, поделени во неколку групи во с.Пчиња и с. Табановце. Во мобилизацијата на жените, клучна улога имаа локалните лидерки кои со својот авторитет и мрежа на контакти ја постигнаа оваа бројка на вклученост. На состаноците жените беа информирани за проектот, работата на општината, што претставува буџет, како се собираат пари за за буџетот, како се трошат и на кој начин тие можат да влијаат на креирање на буџетот. По дискусијата за потребите и проблемите на жените, секоја од нив на претходно подготвен формулар, ги испиша проблемите со кои се соочува и заеднички ги поделија во групи зависно од надлежностите и секторите на општината. Она што е специфично да се нагласи е дека жените беа повикани да земаат учество на следните работни средби за приоретизација на проблемите. Заинтересираните пополнија пријави и веднаш беа поделени во тимови за застапување. Ова влијаеше на континуитетот и вклученоста на жените до крај на иницијативата.

Активности за приоретизирање на потребите – преку фокус групи, работни средби, работилници, жените водени од организациите одлучија кои проблеми се најважни за нив со цел да влезат во општинските програми и буџети за 2022год. Овој процес беше инклузивен и отворен за сите жени кои покажаа интерес. За успешност на оваа активност многу важно беше модераторот на работилницата, во случајов организациите на жени да имаат подготвено:

а) претходна анализа на програмите и буџетот на тековната година и што од тоа е реализирано, а што не. Ова беше со цел да не се бара нешто што веќе е предвидено да се реализира.
б) анализа и презентација на сите идентификувани потреби/проблеми. За ова беше потребна анализа на собраните податоци од фокус групите, анкетите, работилниците (секоја организација зависно од методологијата што ја имаше избрано).

Жените од сите локални заедници избраа по пет до седум приоритети за кои застапуваа пред општината, а со идеја да обезбедат по минимум две усвоени иницијативи. Ова како дел од стратегијата за застапување жените го одлучија на низата работни средби. Како дел од стратегијата на сите организации, следен чекор по дефинирањето на приоритетите, беше да се подготват барањата (буџетските иницијативи), да се предадат во општина и да се пристапи кон застапување по претходно договорен план за застапување.

Активности за јакнење на капацитетите – сите организации организираа обуки и работни средби. Но, како активност за јакнење на капацитетите ги сметаме и учеството во застапувањето (состаноците со градоначалници, совет и администрација) и учеството на состанокот за вмрежување.
За сите овие средби организациите им помогнаа на групите да се подготват.
Состанокот за вмрежување кој беше организиран од НСРР и „АГОРА“ при крајот на проектот послужи како платформа за размена на искуства помеѓу групите и дефинирање на заклучоци и следни чекори.

Застапување – Откако жените беа обезбедени со потребните информации и знаење и избраа за што ќе застапуваат, подготвија барања со предлог - мерки и образложенија со родова перспектива и направија планови за застапување. Акциите за застапување вклучуваа:

- Поднесување на барањата до општината – до градоначалникот, до Советот на општината, Комисијата за еднакви можности и посебно до секторите каде треба да се предвидат мерките кои ги предлагаа;
- Состаноци со членови на комисиите за еднакви можности, со советите, координаторките за еднакви можности, раководители на сектори;
- Прес - конференции со вклучени медиуми;
- Дебати помеѓу групите активни жени и претставници на локалната самоуправа;
- Присуства на буџетски форуми, седници за носење буџет.

При спроведување на плановите за застапување беше важно организациите да помогнат во закажувањето на состаноците и во подготовката на групата жени пред состаноците.

Мониторирање – жените заедно со организациите започнаа да го мониторираат имплементирањето на програмите за 2022 веднаш штом програмите почнаа да се спроведуваат.

5.1.
„ЖЕНСКА АКЦИЈА“ - РАДОВИШ



Име на организацијата: „Женска акција“ - Радовиш
Име на иницијативата (проектот): „Побарај промена!“
Општина/и опфатени со иницијативата: Радовиш и Конче
Локални заедници вклучени во иницијативата: с. Ораовица и с. Конче
Број на жени вклучени во активностите: 147
Број на подготвени буџетски иницијативи доставени до единиците на локална самоуправа: 16
Број на прифатени барања: 8, од кои 3 делумно[3].

Добра практика 1: „Мобилизација на жени и зајакнување на заедницата преку градење капацитети на локални лидерки“

Мобилизацијата на заедницата на жени и нивното зајакнување се два процеса кои може да дадат долгорочни резултати само доколку се одвиваат паралелно и континуирано. Мобилизација на заедницата може да е иницирана одвнатре, од членови на заедницата или однадвор, поддржувачи на таа заедница. Мобилизацијата секогаш се случува околу одредено прашање или проблем/потреба која ја споделуваат најголемиот број членови на таа заедница, а со крајна цел да се подобри севкупниот стандард на живеење во заедницата. Тоа не може да биде проектна (еднократна) активност туку, мора да биде вметната во стратегијата и мисијата на организацијата (формална или неформална).

Како добри примери/практики за мобилизација на жените при спроведувањето на акциите во рамките на проектот ,,Вклучи се – побарај гласно!” ги зедовме главно од „Женска Акција“ - Радовиш, но дополнуваме и со практики од Хуманитарно здружение ,,Мајка“ и Организација на жени - Струмица.

3 Три од поднесените четири барања до Општина Радовиш се поголеми капитални проекти за кои во тековната 2022 година за која се застапуваше во рамките на проектот, како активност влегоа подготовка на технички спецификации.

„Женска Акција“ – Радовиш ги опфати с. Ораовица и с. Конче како локални заедници во кои за прв пат започна со мобилизација на жените. Во двете заедници беа идентификувани/регрутирани по 2 жени – локални лидерки кои беа задолжени за анимација и мобилизација на поголем број на жени од нивните заедници. Процесот на идентификување на жените - лидерки започна со информации од терен кои жени би биле подобни и заинтересирани. Информациите главно дојдоа од локалните лидерки од други околни заедници. Се организираа состаноци со сите заинтересирани жени на кои им беше презентиран проектот, целите, обврските, улогата, времетраењето и висината на хонорарот. Оние жени кои се согласија со обврските, а во исто време ги поседуваа и сите карактерни особини кои треба да ги поседува една локална лидерка, потпишаа договори со организациите. На самиот почеток локалните лидерки поминаа задолжителни обуки за градење на капацитетите.[4] Обуките вклучуваа : запознавање со улогата на невладините организации; цел и мисија на „Женска Акција“; што се проекти; изготвување на теренски планови; водење евиденција од терен; правила и основи за комуникација. На овој начин локалните лидерките ја одиграа клучната улога во обезбедување партиципативност на заедницата во целиот проект/иницијатива преку: учество на фокус групи, работни средби за приоретизирање, улични акции, изготвување барања до општината, застапување, а потоа и мониторирање на имплементација на програмите. Дополнително, беше одржана и обука за јакнење на вештините на жените за застапување на која учесничките се запознаа со тематски содржини поврзани со родот, правата на жените, обврските на единиците на локалната самоуправа, буџетски циклус како и со механизмите за граѓанско учество. На овие работилници се дефинираа и приоритетите за застапување.

Обуките беа заеднички за жените од двете локални заедници и покрај обуките жените имаа можност да споделат искуства и споредат проблеми со кои се соочуваат.

,,Од оваа обука си одам со зголемена самодоверба и верувајте, ова е светлина во мојата сива секојдневна рутина“ – Зорица, жителка на село Конче.

,,Ова беше многу добра можност да се соберат жени кои делат исти проблеми иако се од различни средини. Беше многу добро да се дискутира во група и да се споделат мислења и искуства со другите. За мене ова е навистина многу позитивно“ – Натка, жителка на Општина Радовиш.

Целиот процес на мобилизација и јакнење имаше за цел учење преку учество за лидерките но, и за жените учеснички.
Сите активности беа организирани во време и на начин кој беше прилагоден на потребите на жените. Најчесто средбите се организираа за викенди и во попладневни часови, се одлагаа за сезони кога не се работи интензивно на нива, се применуваа вонредни и прилагодени активности со цел да се оптимизира постигнувањето на целта. Така, на пример, на обуката од 20 поканети жени дојдоа само 14. Со останатите 6 жени кои од објективни причини беа спречени да присуствуваат, а сакаа да продолжат со учество, лидерките на посебни средби ги запознаа со приоритетите и барањата за кои на обуката беше договорено да се застапуваат.

4 Добро е секоја организација да има курикулум за воведување нови членови/лица во организација и на проекти

Жените присуствуваа и на состаноци со градоначалници и претставници на локалната администрација. Градоначалникот на Општина Конче изрази голема поддршка и заинтересираност. Ова беше дополнителна мотивација за групата жени и во с.Конче и во с.Ораовица да остане активна и понатаму, во мониторингот и застапувањето.

„Женска Акција“ од Радовиш со својот пристап на искрена поддршка, споделување на знаењето, инвестирање во заедницата, континуирана присутност на терен, отчетност и двонасочна комуникација кон заедницата од една страна и поддршката и соработката на Општина Конче од друга страна беше успешна формула да се поттикне и повторно да се активира, порано формираната женска организација во с. Конче - „Коначанка“.
Своја улога во линија на поддршка на мобилизацијата имаше и вклученоста на жените во кампањата ,,Биди јасна и гласна“ која се организираше во рамките на проектот. Жените сами ги креираа пораките и одлучуваа за визуелниот изглед на картичките.

Резултати од застапувањето

Жените од Конче и Ораовица, поддржани од „Женска Акција“, пред локалните избори одржаа средби со градоначалниците на двете општини за да дискутираат за предложените барања. По завршување на локалните избори следуваше и средба со новиот градоначалник на Општина Конче, Комисијата за еднакви можности и координаторката за еднакви можности.
Жените од с.Ораовица пред првиот состанок со градоначалникот имаа средба со жените од с. Злеово и Шеин маало. На оваа средба, веќе искусните жени од овие две населени места ги пренесоа своите искуства и ја поттикнаа самодовербата на групата жени од Конче со цел посигурен настап пред градоначалникот.
Од поднесени 16 барања во двете општини за 8 се предвидени мерки во програмите и буџетите на Општина Радовиш и Општина Конче.
Како посебно важни остварувања на жените од с. Ораовица е тоа што се обезбедија средства за асфалтирање на улица во центарот на селото која води до училиштето и до манастирот. Ова е посебно важно за жените од с.Ораовица затоа што со асфалтирањето на улицата се олеснува мобилноста на жените кое е основно човеково право. Тоа пак го олеснува пристапот на нивните деца до училиште што заедно влијае до подобар квалитет на животот на жените во с. Ораовица.
Како посебно важно остварување на жените во с. Конче е тоа што што обезбедија превоз на релација Конче - Радовиш. Ретко која жена во Конче вози и поседува автомобил. Во вакви услови, без јавен превоз, жената е зависна од мажот и има ограничен пристап до сервиси кои ѝ се достапни во Радовиш. Со обезбедување јавен превоз на оваа релација жената ќе има поголем пристап до услуги.



Биди ЈАСНА И ГЛАСНА!

5.2.
ЕХО ЕДУКАТИВНО – ХУМАНИТАРНА ОРГАНИЗАЦИЈА - ШТИП



Име на организацијата: ЕХО Едукативно – хуманитарна организација - Штип
Име на иницијативата (проектот): „Преку женски активизам и иницијативи до родово инклузивна и одговорна општина“
Општина/и опфатени со иницијативата: Штип
Локални заедници вклучени во иницијативата: Штип и приградските населби Ново Село, Пребег, Дузлак, Баби, Балканска, Железничка, Суитлак и Македонка
Вкупно вклучени жени и девојки: 505
Број на подготвени буџетски иницијативи доставени до единиците на локална самоуправа: 5
Број на прифатени барања: 4

Добра практика 2: „Подобрена интеракција жени – граѓански организации – локална власт“ (инклузивни - комбинирани работилници)

Како активност за приоретизирање на потребите и јакнење на капацитетите на жените, здружението ЕХО организираше дводневна работилница на која, покрај локалните жени учествуваа и претставници од општината, поточно, координаторката за еднакви можности и раководители на сектори. Сето ова со една цел, да ги седне на една маса сите локални чинители и каде жените ќе имаат можност да ги искомуницираат потребите и позициите пред претставниците на општината. Работилница беше интерактивна и поделена на два дела. На почетокот беа презентирани резултатите од истражувањето на потребите што ЕХО го направи преку анкетни прашалници и ,,Отворени денови“. Вториот дел беше посветен на формите на учество на граѓаните во креирањето локални политики, родови аспекти при креирање политики и родово буџетирање како и дефинирање на приоритетите за застапување. На овие работилници се создаде едно јадро од охрабрени жени кои продолжија да го пренесуваат своето знаење во своите заедници и мобилизираа други жени и девојки да учествуваат во процесите на креирање локални политики.

Ваквиот тип на инклузивни работилници, комбинирани од претставници на заедницата на жени и претставници на локалната власт се издвојува како една од добрите практики на ЕХО затоа што директно придонесоа до:

- подобрена комуникација помеѓу жените и општината, а со тоа и подобро разбирање на потребите на жените од страна на локалните власти. А, тоа пак водеше до:
- Решени проблеми - на самите работилници, претставниците од општината се заседоа да решат дел од потребите на жените и без да се поднесуваат официјални барања (иницијативи);
- Жените го подобрија своето разбирање за тоа кои се надлежностите на општината и како подобро да ги испланираат следните чекори на застапување;
- Мотивирани граѓанки да продолжат активно да учествуваат по процесот на носење одлуки на локално ниво.

„Сега знаеме дека само сплотени заедно можеме да ги решиме проблемите во заедницата што нè засегаат нас жените. Се надевам дека заедно со ЕХО ќе продолжиме да спроведуваме вакви акции и ќе придонесеме за подобар живот на сите жени во Штип.“ - Даниела, жителка на населбата 8-ми ноември во Штип.

Како резултат на овие работилници претставниците на општината реагираа веднаш и одговорија на 3 од низата проблеми кои жените ги имаа идентификувано:

- Беше осветлен патот и тротоарите кон најголемата населба во Штип, населбата Баби, кои најмногу ги користат жени и деца;
- Со ова на жените во оваа населба им се зголеми мобилноста и независноста, а со тоа и директно им се подобри квалитетот на живот;
- Расчистени се обраснатите диви растенија покрај магистралниот пат Штип-Карбинци кој поминува низ населбата Баби, и кое место низ годините претставуваше опасност за пешаците и за возачите поради непрегледноста и опасноста за сообраќајни несреќи;
- Ова придонесе кон зголемена безбедност на жените - пешаци, но и на сите граѓани и придонесува до помалку сообраќајни несреќи;
- На барање на жените, уреден е парк за игра и одмор и катче за релаксација во населбата Ново Село. Ова директно придонесува до простор каде жените може да се среќаваат, релаксираат, но и место каде безбедно може да ги пратат децата да играат на отворено. А, тоа пак овозможува повеќе слободно време за жените, подобрено ментално здравје, а со тоа и подобрен кавалитет на живот.

„Кога се вклучив во оваа акција мислев дека работите кои се најважни за нас жените во Штип ќе бидат само слушнати и забележани. Ентузијазмот и посветеноста на ЕХО во водењето на целата акција ми покажа дека со правилен пристап работите што нè засегаат можат да се решаваат уште додека ги посочуваме” - Наташа, жителка на населбата Баби, Штип.

Резултати од застапувањето

Под менторство на ЕХО, жените, покрај тоа што на работните средби издејствуваа да бидат одговорени три барања, подготвија и дополнителни 5 буџетски иницијативи согласно претходно утврдените приоритети. Овие родово буџетски иницијативи кон крајот на септември 2021 година беа поднесени преку архивата на Општина Штип и презентирани пред градоначалникот, претседателката на Советот и координаторката за еднакви можности. Важно во оваа фаза беше да се поднесат до крајот на септември за да може општината да ги земе предвид кога ги подготвува програмите и буџетите за следната година. Ова се рокови предвидени со буџетскиот календар.[5]

Тимот на ЕХО присуствуваше на седниците за донесување на буџетот на Општина Штип за 2022 година, а вршеше и мониторинг на донесените програми од општината, како и планот за јавни набавки за 2022 година.

Од поднесени 5 иницијативи, 4 беа целосно прифатени и буџетирани за 2022 година.

Според жените , барање кое влезе во програмата и буџетот на општина Штип за 2022г., а ќе има најголем и највидлив импакт врз заедницата на жени е ,,Интегриран пристап до неопходните услуги за жени и девојки изложени на насилство".
На жртвите на семејно насилство потребна им е континуирана и сеопфатна поддршка. Тоа вклучува бесплатна правна помош, психо-социјална поддршка, економско јакнење и ресоцијализација и реинтеграција. Статистиките покажуваат дека доминантни жртви на родово-базирано и семејно насилство се жените и девојките. Со усвојување на оваа мерка и издвојување буџет за истата се овозможува поголем број жени и девојки, жртви на насилство да бидат професионално заштитени, поддржани и помогнати во процесот на излегување од насилната средина.

Барањето е целосно профатено и влезе како дел од Програмата за социјална заштита и буџетот на општината за 2022 година.



5 https://sdc.com.mk/wp-content/uploads/2018/11/Opstinski-budzet-web-FINAL.pdf

5.3.
ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИ ОД СТРУМИЦА



Име на организацијата: Организација на жени од Струмица
Име на иницијативата (проектот): ,,Биди активна – биди гласна!”
Општина/и опфатени со иницијативата: Струмица и Босилово
Локални заедници вклучени во иницијативата: VI Урбана заедница во Општина Струмица и населеното место Босилово, Општина Босилово
Број на жени вклучени во активностите: 391
Број на подготвени буџетски иницијативи доставени до единиците на локална самоуправа: 7
Број на прифатени барања: 5, од кои 2 делумно.

Добра практика 3: ,,Локалните лидерки под капата на општината“ како механизам за загарантирано учество на жените во креирањето локални политики

Организација на жени - Струмица со ангажираните четири локални лидерки од март 2021г. започна да работи на мобилизација на жените од две заедници: 6-та Урбана заедница на градот Струмица и село Босилово, Општина Босилово. Преку теренско истражување кое вклучуваше фокус групи и улични акции беа утврдени потребите и проблемите со кои се соочуваат жените од двете заедници. Организација на жени од Струмица во соработка со локалните лидерки организираше низа средби и јавни настани со цел, подигање на свеста за важноста на учеството на жените во процесите на планирање, буџетирање и одлучување на локално ниво, како и за механизмите за граѓанско учество. Во посебен фокус беа активностите поврзани со приоретизација на проблемите и потребите на жените од двете заедници, а како резултат на тоа произлегоа планови за застапување. Со поддршка и менторство од проектниот тим, жените од двете заедници, ги формулираа проблемите и можните решенија на истите во форма на барања кои потоа беа предмет на застапување пред локалните власти. Вкупно во целата иницијатива/проект се вклучија 150 жени, а за подготвените барања беше направена петиција за поддршка. Во периодот септември – декември жените водени од ОЖ Струмица присуствуваа на состаноци со градоначалниците на Општина

Босилово и Општина Струмица каде ги презентираа барањата и ги предадоа петициите (собраните потписи). Потоа, се организираше и дебата помеѓу жените од двете локални заедници и претставници на ЛС на Општина Струмица (градоначалник, координаторка за еднакви можности, претставници на Комисија за еднакви можности, раководители на одделенија и сектори).
На дебатата двете страни се согласија дека е потребна континуирана и поредовна соработка. А, за таа цел градоначалникот презеде одговорност да присуствува на ,,кафе муабетите“ со жените најмалку 3 пати годишно.

Како резултат на акциите за застапување, моделот на мобилизација на ОЖ Струмица беше препознаен како модел кој обезбедува партиципативност и релевантност при идентификување на потребите на граѓанките. Затоа, истиот е вклучен во Програмата за еднакви можности и е влезен во буџетот на општина Струмица за 2022 година.

Оваа соработка овозможува:

- Организацијата на жени од Струмица да продолжи со активностите, вклучувајќи три нови локални заедници;
- Континуирана мобилизација и мотивација на жените да се вклучат во локалните процеси на донесување одлуки;
- Подобрена комуникација помеѓу локалната власт и жените;
- Вклучување на жените во процесот на креирање локални политики ;
- Родово одговорно општински програми и буџети.



Резултати од застапувањето

Во текот на месец декември ОЖ Струмица им помогна на локалните лидерки да се подготват за учество на седниците на Советот на двете општини, на чиј што дневен ред беше расправата и гласањето за усвојување на буџетите за 2022 година. Од причина што на седниците на советите не се водеше расправа по поединечни буџетски ставки во рамки на развојните програми, туку само за вкупниот буџет на развојната програма (пр. Изградба и реконструкција на игралишта), во јануари – февруари 2022г. беа доставени барања за пристап до информации од јавен карактер до општините со цел добивање конкретни одговори во однос на доставените барања од страна на жените од двете заедници.

- Единиците на локална самоуправа на општините Струмица и Босилово прифатија 5 предлози/мерки за подобрување на квалитетот на животот на жените. За 3 мерки беше постапено и буџетирано, а за две мерки во 2022г. е планирано да се подготват тендерски постапки/подготовки затоа што се поголеми капитални проекти (водоводна и канализациска мрежа во Босилово и поставување сигнализација на кружен тек во Струмица).
- Жените од двете заедници се заинтересирани за продолжување на активностите во иднина и имаат желба за понатамошни заеднички акции со Организација на жени од Струмица и со партнерите НСРР и „Агора“.

„Сфатив дека женската солидарност е од суштинско значење за поголемо влијание кон носителите на одлуки“ – Станка, жителка на 6-та Урбана заедница од Струмица.

Мерка која жените од Струмица ја гледаат како најголем успех за нив е **решавањето на проблемот со уличното осветлување**. Добро улично осветлување придонесува кон побезбедно движење на жените во вечерните часови. Овој проблем особено ги засега жените бидејќи со добро улично осветлување жените се чувствуваат побезбедни да се движат и навечер.

„Преку вклучувањето во проектните активности, сфатив дека може да се изборите за посакуваните промени во нашите места на живеење, само ако ние жените сме сплотени, здружени и активни“ - Ирена, жителка на 6-та Урбана заедница од Струмица.

Во Босилово, мерка со која жените најмногу се гордеат е **уредувањето на кејот покрај реката**. Уредување на кејот покрај реката е единствена, лесно пристапна средина каде жените можат да се социјализираат и рекреираат, а воедно придонесува и кон подобрување на психофизичкото здравје на жените. Ова барање беше целосно прифатено и во 2022 година општината го уреди и го исчисти кејот покрај реката.

„Пред овој проект не ги знаев надлежностите на општината, ниту пак бев информирана дека можам да учествувам во каков било вид на консултации. Сега знам дека општинските власти се наш сервис, а не обратно. Стекнав поголема самодоверба за настап и застапување на нашите барања пред надлежните, како и за барања на повратни информации за решавање на нашите прашања“ – Билјана, жителка на село Босилово, Општина Босилово.

5.4.
ХУМАНИТАРНО ЗДРУЖЕНИЕ „МАЈКА“ - КУМАНОВО



Име на организацијата: Хуманитарно Здружение „Мајка“ - Куманово
Име на иницијативата (проектот): „Жени гласноговорнички“
Општина/и опфатени со иницијативата: Куманово, с.Пчиња, с.Табановце
Локални заедници вклучени во иницијативата: Перо Чичо, Биљановце
Број на жени вклучени во активностите: 126
Број на подготвени буџетски иницијативи доставени до единиците на локална самоуправа: 7
Број на прифатени барања: 7

Добра практика 4: „Промоција на учеството на жените во креирање на локалната политика Општествено одговорни жени – Жените за заедницата“

Со цел жените од Куманово, с. Пчиња и с. Табановце да ги изразат своите мислења, да ги истакнат своите потреби со самодоверба и да влијаат на квалитетот на управувањето и процесите на донесување одлуки во нивните заедници, проектниот тим на Хуманитарно Здружение „Мајка“ -Куманово работеше на нивно зајакнување.
Зајакнувањето на жените беше овозможено со нивна мобилизација, зголемен пристап до информации, подобрени капацитети и знаења за процесите на донесување одлуки на локално ниво и развој на самодоверба за време на преговори. Со имплементација на овие активности жените од Куманово, Табановце и Пчиња се вмрежија, зајакнаа и станаа гласни и вклучени во локалните процеси на донесување одлуки и креирање на општинскиот буџет.
Како резултат на тоа, од жените од селото Пчиња и селото Табановце, произлезе иницијатива да се организираат јавни настани за промоција на учеството на жените во креирање на локалната политика и мобилизација на населението.
Во село Пчиња настанот беше повеќе насочен кон подигање на свеста на локалните власти и граѓан(к)ите за потребата од родово специфично планирање при креирање политики. Додека настанот во село Табановце се фокусираше повеќе на мобилизација на заедницата на жени од селото.

Иницијативата во Пчиња беше обезбедување на мост кој се наоѓа на сред село со цел безбедно движење на населението, посебно на учениците кои мораат да поминат по него за да стигнат до училиштето.
За да се реализира иницијативата, ја мобилизираа својата, но и поширокаta заедница. Сами сошија торби кои како дел од промотивните материјали ги поделија на настанот, обезбедија дополнителни средства, покрај мал фонд на средства обезбедени од проектот, за купување на мрежа, алат и фарба. Од страна на ЈП Водостопанство договорија/обезбедија чистење на реката под мостот од заглавени трупци на дрва. Со помош на механизација на жител на селото, мостот беше исчистен од земја и кал, потоа оградата е исфарбана и мрежата е поставена. Во акцијата покај жените од тимот се вклучија и други жени и нивните мажи. За прв пат по 50 години од изградба на мостот жените беа тие кои покренаа иницијатива за негово обезбедување и реновирање.
Во с. Табановце жените уредија мал дел во паркот кое го нарекоа „комфор зона за дружење на жените“. Се поставија две клупи, а понатаму ќе следи засадување на дрвја и уредување на околината. На настанот беа поделени и торби кои претходно беа сошиени од страна на жените и истите беа испечатени. На настанот присуствуваа 18 жени.
Двата настана беа организирани во периодот од септември до ноември, кога започнаа и активностите за застапување по поднесените барања до Општина Куманово. Вниманието и позитивните критики кои ги добија, жените ги искористија за целите на застапувањето пред општината. Така обезбедија поголема заинтересираност и поголема одговорност кон нивните барања од страна на општината.

„Ние жените од селото Табановце бевме свесни за нашите проблеми, но немавме храброст да се самоорганизираме и преземеме некоја акција. Денеска во соработка со ХЗ ,,Мајка” имаме храброст и сила јавно да зборуваме за нашите проблеми и да бараме од надлежните институции и локалната самоуправа тие да се надминат. Станавме силни жени – пример за другите жени кои сè уште ја немаат нашата храброст и сила“ – Соња, село Табановце.



Резултати од застапувањето

Организацијата ,,МАЈКА“ како дел од акциите за застапување, организираше мрежен состанок на жените од с.Биљановце, с.Табановце, с.Пчиња и Перо Чичо. На тој состанок се договорија за заеднички настап пред локалната самоуправа.

По претходно поднесено барање во ноември се одржа средба со градоначалникот на Општина Куманово, претседателката на Советот и раководителите на секторите за урбанизам, комунални дејности, локален економски развој и евроинтеграции. На состанокот од страна на претставниците на општината беа изнесени нивните планирани активности за овие локални заедници, а потоа од страна на жените беа изнесени нивните барања. Жените имаа можност директно да се информираат за плановите на општината и да слушнат што се планира за следната година. Локалната власт изрази отворена поддршка и подготвеност за соработка.

„Се случи чудо, ние тивки, срамежливи и незаинтересирани жени станавме гласноговорнички за нашите проблеми“ – Жељка, село Пчиња

Во јануари под водство на локалните лидерки се одржа средба со жените од работниот тим во селото Табановце. На средбата се дискутираше за тоа што е сработено во 2021 година, кои нивни предлози се влезени во буџетот на Општина Куманово за 2022г. и за идните активности. Во буџетот се влезени следниве барања:

- Изградба на фекална канализација, канализациска мрежа во село Табановце;
- Реконструкција на ООУ „Браќа Рибар“;
- Регулиран јавен превоз.

Изградбата на канализациска мрежа во с. Табановце е голем капитален проект, а за жените е многу важен проблем кој треба да се реши. Недостаток на канализациска мрежа претставува ризик за здравјето на луѓето, особено за жените чија традиционална улога се поврзува со извршување активности за одржување на домот.
За с.Пчиња прифаќањето на изградба на водоводна мрежа е успех кој целосно може да се препише на иницијативата на жените од тоа село.
Со обезбедување чиста вода на жените им се олеснува физичката работа и на тој начин им се зголемува времето кое можат да го посветат на самите себе, а со тоа се подобрува и целокупниот квалитет на животот на жените. Жените се оние кои сега трошат време и пешачат со километри за да обезбедат чиста вода за семејствата.

5.5.
ЗДРУЖЕНИЕ НА РОМИТЕ „ЧЕРЕЊА“ - ШТИП



Име на организацијата: Здружение на Ромите „Черења“ - Штип
Име на иницијативата (проектот): „Жените Ромки Знаат Како!“
Општина/и опфатени со иницијативата: Штип, Кочани и Виница
Локални заедници вклучени во иницијативата: Штип, Кочани и Виница
Број на жени вклучени во активностите: 250
Број на подготвени буџетски иницијативи доставени до единиците на локална самоуправа: 3
Број на прифатени барања: 1

Добра пракса 5: „Соработка помеѓу граѓанските организации (ГО), потребна за поголемо влијание пред локалните власти“

Здружение на Ромите Черења - Штип идентификуваше три медијаторки (локални лидерки) чија задача беше теренска работа со жените од општините Штип, Кочани и Виница. Проектниот тим на Здружение на Ромите Черења – Штип, заедно со локалните медијаторки, спроведоа теренски активности со цел информирање на жените од локалните заедници за механизмите на учество во процесите на носење одлуки на локално ниво, како и нивно охрабрување и поттикнување да ги истакнат проблемите и предизвиците со кои се соочуваат. За таа цел, беа организирани по две средби во секоја општина каде жените ги идентификуваа и формулираа проблемите со кои се соочуваат во секојдневниот живот. За време на овие средби, жените беа запознаени со надлежностите на општините, можностите за граѓанско учество, како и беа подобрени нивните вештини за пишување на формални барања до опшините. Со поддршка и менторство од проектниот тим, жените од Штип, Кочани и Виница, ги истакнаа проблемите и нивните можни решенија во форма на барања кои потоа беа предмет на застапување пред локалните власти. Доставените барања беа презентирани и дискутирани на состаноци со градоначалниците, претставници на општинската администрација и членови на Советот на општината.
Жените Ромки во Штип, Виница и Кочани преку оваа иницијатива за прв пат добија поддршка од женски граѓански организации за да се вклучат во процесот на носење локални политики и воопшто да добијат информации за тоа кои се механизмите за граѓанско учество.

Во Штип, координаторката на тимот од Здружението „Черење“, учествуваше на панел - дискусија која ја организираше организацијата ЕХО (другата иницијатива во Штип) во рамките на проектот, а како дел од низата активности за застапување на приоритетите кои жените под лидерство на ЕХО ги застапуваа. Ова беше еден обид за заедничка репрезентација пред локалите власти и јавноста и треба да се потенцира како позитивна практика. Во исто време, мора да се нагласи дека соработката помеѓу граѓанските организации (ГО), особено женските ГО кои работат во исти локални заедници треба да се унапреди. Женското движење мора да покаже сплотеност, посебно во услови во кои егзистира во нашата држава, со ограничен пристап до финансиска и програмска поддршка со цел да се обезбеди вклученост и на најранливите групи жени во процесот на креирање локални политики.

Жените Ромки од сите три заедници поднесоа по три барања и застапуваа за истите пред општините. Овие три заедници се единствените во рамките на проектот кои бележат комплетна исклученост, односно ниту едно од барањата не беше прифатено и вклучено во програмите на овие општини за 2022 година.

За само една иницијатива во општина Штип, за асфалтирање на улицата „Черења“, жените добија усно ветување од страна на градоначалникот, но никогаш не добија никаков одговор од страна на локалните власти.

И покрај тоа, за жените вклучени во процесот, ова беше позитивно искуство. Сега жените се информирани и научија кои се механизмите за вклучување, како и кога се изготвува барање до општината и како може и треба да се застапува за истото.

„Ова е ново искуство за мене, прв пат се вклучувам во ваков тип на активности“ – *Сенем*, Штип

„Би било супер доколку ни ги прифатат иницијативите“ – Ѓулзеде, Штип

„Малку по малку се учиме како да се вклучиме во активностите поврзани со носење одлуки во локалната самоуправа, за таа цел сметам дека овој проект е одличен. Чекаме на реализација на иницијативата за асфалтирање на ул. Черења во Штип“ – Еџмирана, Штип




Бидиј
ЈАСНА
И ГЛАСНА
!



6.

ЗАКЛУЧОЦИ И ЗАВРШНИ СОГЛЕДУВАЊА

6. Заклучоци и завршни согледувања

Локалните иницијативи за застапување кои ги спроведоа 5-те партнерски организации на жени во своите општини придонесоа за охрабрување и мобилизирање на жените и поттикнување на нивно активно учество во креирањето на локалните политики и буџети. Организациите спроведоа 101 настан во форма на работилници, улични акции, фокус групи, состаноци, „кафе муабети“ и јавни дебати кои имаа значаен придонес кон подигнување на свеста и самодовербата на 1380 жени и девојки дека тие можат да бидат активни креаторки на сопствената иднина во заедницата. Предводени од локалните лидерки, жените и девојките работеа на идентификување на приоритетните прашања и проблеми кои ги засегаат и формулираа 40 барања кои ги упатија до единиците на локалната самоуправа и активно застапуваа и лобираа истите да бидат вклучени во општинските буџети за 2021 и 2022 година. Еден од клучните фактори за успехот на иницијативите беше редовна комуникација со локалната самоуправа и координаторките за еднакви можности што придонесе и кон зајакнување на меѓусебната доверба и соработка. Дел од предлог - мерките поднесени од жените беа веднаш адресирани и разрешени уште во тековната година, додека пак 25 од предложените барања се вклучени во буџетите на 7-те општини кои беа опфатени со проектот и за дел веќе започна нивното реализирање.

Локалните лидерки на заедничката средба за вмрежување која беше организирана во март 2022г. препорачаа дека е потребно да се одржуваат формираните јадра на активни жени и да се прават напори тие да вклучуваат и нови членови со цел да станат побројни. Тие сметаат дека треба да се продолжи со поттикнување и едуцирање на жените за идентификување на приоритетите и разбирање и следење на општинските буџети. Според нив иницијативните групи би требало да продолжат со активности за застапување и лобирање за старите и нови проблеми, активно комуницирање со локалните самоуправи, учество на седниците на советите на општините и зголемување

на притисокот за решавање на проблемите кои ги засегаат жените. За да се зголеми нивното влијание тие сметаат дека е потребно да се работи и на зајакнување на поддршката од медиумите.

Секоја генерација има одговорност барем малку да го подобри животот на следната, посебно кога станува збор за надминување на стереотипите за местото и улогата на жените на сите нивоа. Сепак, согледувањата и предложените приоритети од теренските активности, укажуваат на сè уште присутниот тренд на креирање родово слепи политики на локално ниво. Без оглед на местото каде живеат, нивната определба или образование, приоритетите што ги издвоија жените се однесуваат за доброто на сите граѓан(к)и и не се специфични за самите нив. Со цел согледување на состојбите, сопствените способности и надминување на стереотипната улога на жените сè уште постои потреба за менторство, вмрежување и настани од заеднички интерес. Постои потреба ваквите активности да се продолжат и прошират кон активности за економско јакнење на жените.












1. Избор на локални лидерки
2. Мапирање на потенц. членички
3. Средби со жени во заедниците
4. Анкетирање на пос. население
5. Средби со представниците на ЕЛС
6. Координација активности со жените
2. Пандемија - Ковид-19
Партиска политизација во институции
Затворање на просторите за работа
Затворање на заедниците
1. Поддршка на Организации
2. Поврзани со Бизнисот / Самовработеност
3. Учество во креирање на локални политики
4. Условови за зајакнување улога и капацитети
1. Што е тоа за нас, а не е за нас
2. Закомплексирање на средби (со изнаоѓање на проблеми и решенија)
3. Градење на доверба кај членките
4. Шовинизам, експлоатирање и загрозување на полот кај
4. Едиштво, пристап на институциите кон
Затворање


бъди
ЯСНА
И ГЛАСНА!